ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Дата: 14.01.2016

# СООПШТЕНИЕ

## Продолжува проектот “Фондот поблиску до пензионерите” и во 2016 година

Фондот за здравствено осигурување на Македонија како финансиска институција од јавен интерес во здравствениот систем на Република Македонија продолжува со својата отворена и конструктивна соработка со сите субјекти во здравствениот систем, во рамките на своите надлежности и согласно законските прописи. Важен чинител во здравствениот систем се здруженијата на граѓани, а посебно место има Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Фондот за здравствено осигурување има одлична соработка со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и на взамено задоволство заеднички утврди дека поради големиот интерес од страна на пензионерите за  едукативни работилници, во 2016 година ќе реализира нов – трет циклус на теми кои се од посебен интерес на пензионерите.

Договорено е проектот „Фондот поблиску до пензионерите“ да се одржува во текот на 2016 година во 30 градови во Македонија, каде и Фондот за здравствено осигурување има подрачни служби, а Сојузот на пензионери има свои здруженија. Во овој проект трет партнер со којшто соработуваат ФЗОМ и Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија е Црвениот Крст на Македонија.

Досега, во 2014 година, одржани се 15 работилници, во 2015 година одржани се 32 работилници на територијата на цела држава. На овие работилници, тим од правници и лекари од ФЗОМ имаат свои презентации пред пензионерите на договорени теми, со посебно одвоено време за прашања од пензионерите.

Новиот циклус на работилници ппосебен осврт ќе има за специјализираната медицинска рехабилитација и рефундациите, кои се едукација за определени здравствени проекти и услуги кои ги финансира ФЗОМ, но и други теми што се од интерес за оваа категорија на осигуреници.

Овие едукативни работилници имаат за цел да го зголемат нивото на информираност на пензионерите за своите права од здравствено осигурување како и за другите прашања кои се од интерес на оваа популација.